# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.153 од 04.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/13, 41/14, 115/14 и 116/15), во членот 172 став (1) по зборовите: „одобрението за градење" се додаваат зборовите: „или согласно со решението за изведување на градба, односно поставување на опрема".
Во ставот (3) по зборот „градење," се додаваат зборовите „или правосилното решение за изведување на градба, односно поставување на опрема".
Во ставот (4) по зборовите: „одобрението за градење" запирката се брише и се додаваат зборовите: „или решението за изведување на градбата односно, поставување на опремата".

**Член 2**

По членот 174 се додава нов наслов и нов член 174-а, кој гласи:
„Запишување врз основа на солемнизиран договор за купопродажба или нотарски акт, со клаузула за платен аконтативен данок на промет на недвижности

**Член 174-а**

(1) Запишувањето во катастарот на недвижности се врши и врз основа на солемнизиран договор за купопродажба или нотарски акт, со клаузула за платен аконтативен данок на промет на недвижности, во прилог на кои од страна на нотар по електронски пат се доставени и извештај за процена на пазарната вредност на недвижноста и пресметка на аконтативен данок на промет изготвени од страна на овластен проценувач, како и пополнета аконтативна даночна пријава.
(2) Правните основи од ставот (1) на овој член заедно со прилозите, Агенцијата во рок од еден работен ден од извршеното запишување во катастарот на недвижности, по електронски пат ги доставува до надлежната единица на локалната самоуправа."

**Член 3**

Членот 246 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, односно на трговец поединец, ако:
1) отстрани, оштети, уништи или премести точка од геодетска референтната мрежа од членот 49 став (1) од овој закон или ако секое уништување, оштетување или неовластено преместување не го пријави на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на дознавањето, согласно со ставот (2) од истиот член;
2) во пропишаниот рок не ја извести Агенцијата за изведување на градежни или друг вид работи со кои може да се оштетат, уништат или поместат точките од геодетската референтната мрежа од членот 50 став (1) од овој закон;
3) во пропишаниот рок не поднесе пријава запишување на промената во катастарот на недвижностите до Агенцијата, согласно со членот 202 од овој закон;
4) изготвува картографски производи без претходно издадено овластување од страна на Агенцијата согласно со членот 99 став (2) од овој закон и
5) става во употреба картографски производи без согласност од Агенцијата согласно со членот 101 од овој закон.

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба на правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно во трговец поединец.
(3) Глоба во износ од 250 до 325 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.
(4) Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, односно на трговецот поединец како носител на право, односно како имател на инфраструктурниот објект ако во рокот пропишан во членот 57 од овој закон не достави пријави за запишување/евидентирање на инфраструктурните објекти.
(5) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба на правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече за прекршок од ставот (4) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно во трговец поединец.‟

**Член 4**

Членот 246-а се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 108-г од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Агенцијата и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Агенцијата.
(2) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 108-г став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 108-д став (9) од овој закон.
(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 108-г од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 108-д ставови (5) и (6) од овој закон.
(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на Агенцијата ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 108-и став (9) од овој закон.‟

**Член 5**

Членот 247 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот геодет вработен кај трговец-поединец овластен геодет и кај трговско друштво за геодетски работи, ако овластениот геодет не постапува во согласност со одредбите од членот 110 од овој закон, и тоа:
1) геодетските работи не ги врши согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка;
2) секој геодетски елаборат изготвен во писмена форма своерачно не го потпишува, а геодетскиот елаборат изготвен во електронска форма не го потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач;
3) при изготвувањето на геодетскиот елаборат не користи лиценциран софтвер;
4) не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи само за намената за која се издадени;
5) не поднесува барање за продолжување на овластувањето во рокот утврден во членот 109 став (3) од овој закон;
6) изготвува геодетски елаборати без претходно извршен премер и увид на недвижностите на самото место и
7) не посетува континуирана обука од областа на геодетските работи.
(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на овластениот геодет кој не е вработен кај трговец поединец овластен

геодет, односно кај трговско друштво за геодетски работи, а извршува геодетски работи за трговец поединец овластен геодет, односно кај трговско друштво за геодетски работи (член 110 став (2)).“

**Член 6**

Членот 248 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговското друштво за геодетски работи, односно на трговецот поединец овластен геодет, ако:
1) кај нив вработените овластени геодети не посетуваат континуирана обука од областа на геодетските работи (член 110 став (1) алинеја 7);
2) во називот го содржи зборот „катастар“ и не ги исполнува потребните услови за простории и опрема (член 118 став (2));
3) барањата од странките не ги заведуваат во деловодната книга и деловодната книга не ја водат согласно со прописите за архивска граѓа и архивско работење (член 126) и
4) го немаат истакнато Тарифникот од членот 125 од овој закон на видно место во нивното седиште, како и во нивната подружница доколку имаат.
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба на правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно во трговец поединец.“

**Член 7**

Членот 249 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговското друштво за геодетски работи, односно на трговецот поединец овластен геодет, ако:
1) не е регистриран во Трговскиот регистар со претежна дејност вршење на геодетски работи (член 104 став (1) алинеја 1);
2) не овозможува непречено вршење на работите, не обезбедува услови неопходни за работа и утврдување на фактичката состојба и не ги става на увид сите потребни исправи и податоци согласно со членот 243 став (1) од овој закон;
3) не ги отстрани утврдените неправилности во рок од 15 работни дена (член 243 став (3)) од овој закон;
4) геодетските работи не ги врши согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка (член 121 алинеја 1);
5) сторил неправилност по однос на обврската за осигурување од одговорност за штета од членот 117 од овој закон;
6) не ги исполнува условите од членовите, член 104 став (1) алинеја 2 и член 120 од овој закон по однос на вработените;
7) сторил неправилност по однос за обврската за користење на лиценциран софтвер од членот 104 став (1) алинеја 4 од овој закон;
8) сторил повреда на одредбата од членот 25 ставови (2) и (3) од овој закон во врска со конфликт на интереси;
9) сторил повреда на одредбата од членот 124 став 3 по однос на обврската за поврзување со Агенцијата по електронски пат;
10) изготвува геодетски елаборати без претходно извршен премер и увид на недвижностите на самото место (член 110 став (1) алинеја 6);
11) не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи за намената за која се издадени (член 124 став (1) и став (2));
12) за извршените геодетски работи наплаќаат надоместок кој не е во согласност со членот 125 од овој закон;

13) врши прием на странки и издава податоци од извршените геодетски работи надвор од седиштето на трговецот поединец овластен геодет, односно трговското друштво за геодетски работи (член 121 алинеја 3);
14) геодетскиот елаборат изготвен во писмена форма своерачно не го потпишува, а геодетскиот елаборат изготвен во електронска форма не го потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач (член 110 став (1) алинеја 2) и
15) сторило повреда на одредбата од членот 110 став (2) од овој закон по односно на обврската за неизвршување на геодетски работи од страна на овластен геодет кој не е вработен кај него.
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба на правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно во трговец поединец.‟

**Член 8**

Во членот 250 став (11) се менува и гласи:
„Против одлуката на прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.‟
По ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:
„(12) Прекршочната постапка по прекршоците предвидени со овој закон не може да се поведе, ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот.‟

**Член 9**

Во членот 251 ставот (1) се менува и гласи:
‟Кога овластеното службено лице при Агенцијата ќе утврди дека е сторен прекршок предвиден со овој закон, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието како и лицата затекнати на самото место, по што ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.”
Ставот (2) се менува и гласи:
‟Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, овластеното службено лице е должно на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.”
Во ставот (4) по зборот „издаде‟ се додава зборот „прекршочен‟, а во втората реченица зборот „платниот‟ се заменува со зборовите: „прекршочен платен‟.
Во ставот (5) зборот „платниот‟ се заменува со зборовите: „прекршочниот платен‟.

**Член 10**

По членот 251 се додаваат два нови члена 251-а и 251-б, кои гласат:

**„Член 251-а**

(1) Овластените службени лица при Агенцијата се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно претстојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува Управниот одбор на Агенцијата.

**Член 251-б**

Одмерувањето на висината на глобите на правното лице, односно на трговецот поединец, пропишани со овој закон, се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 11**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за катастар на недвижности.

**Член 13**

Одредбите од членот 174-а утврдени во членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".